Академија за судии и јавни обвинители
на Република Северна Македонија
Павел Шатев

# Т Е М А

## “Видови на материјална штета и правила за надоместување на материјална штета “

**Предавач :**

Лидија Димова
судија во пензија

19.04.2024 година

E-mail sudijadimova@gmail.com

# Содржина

- Поим за облигациони односи со причинување штета
- Општи начела
- Услови за настанување на облигациониот однос
- Облици на штета
- Одговорност за штета предвидена со посебни закони
- Материјална штета и обем

# Поим за облигациони односи со причинување штета

- Облигационите односи не постоеле отсекогаш во форма и содржина во која ги среќаваме во современото граѓанско право. Во почетоците на цивилизацијата овие односи биле тесно поврзани со кривично-правните односи и меѓу нив не се правело разлика во поглед на одговорноста.
- На почетокот **облигационото право било единствено, односно договорите како согласност на волји на договорните страни биле единствен извор за настанување на облигациите, во кои биле опфатени и оние кои настанувале со причинување штета (монистички систем).**
- Подоцна развојот на стоковно-паричните односи и сѐ почестите случаи на причинување штета, ја наложиле потребата од изградување на дуалистички нормативно-правен систем, **еден наменет за уредување на договорите,** а друг **за уредување на односите кои настануваат со причинување штета.** Ваквиот дуалистички систем е задржан и во современото облигационо право.
- **Посебен вид облигации се оние кои настануваат со причинување штета.** Штетата претставува намалување на имотот на некое лице или спречување на негово зголемување, како и повреда на личните права на друго лице предизвикано со некое штетно дејствие.
- Облигациониот однос што настанува со причинување штета е таков однос, од кој за едната страна произлегува правото да бара другата страна да ѝ ја надомести причинетата штета, а за другата страна произлегува обврската да ја надомести таа штета.

# Противправност на штетното дејствие

Противправност на штетното дејствие значи дека тоа треба да биде забрането со правна норма.

Правната норма што забранува може да биде од која било област, во која нормативно се уредени општествените односи како што се кривично-правната, стопанско-правната, управно-правната област итн.

Со противправното дејствие може да се причини казнено-правен деликт (кривично дело или прекршок), граѓански деликт или истовремено и казнено-правен и граѓански деликт. Во определени случаи, некои околности ја исклучуваат противправноста како облигаторен елемент на штетното дејствие со што го прават неподобно да биде штетно дејствие, а со тоа и го екскулпираат штетникот од одговорност за штетата. Тие околности се: нужна одбрана, состојба на нужда, вршење на свои права, дозволена самопомош и согласност на оштетениот.

# Штета

Последиците од некое штетно, противправно и директно дејствие се нарекуваат штета. Штетата како правен факт претставува одредена околност која доведува до настанување, промена или престанок на облигационите односи.

Штета може да се предизвика на различни начини: со сторување, со несторување, со пропуштање, со трпење. Според своите правни квалификации, штета значи повреда на некое субјективно право или правен интерес.

Штетата може да се појавува во повеќе посебни видови.

Тоа се:

-материјална и нематеријална штета;

-обична штета и испуштена корист;

-сегашна и идна штета;

-предвидлива и непредвидлива штета;

-директна и индиректна штета;

-конкретна и апстрактна штета;

-како и позитивна и негативна штета.

# Основни одредби од Законот за облигационите односи

Основни одредби од ЗОО (Сл.весник на РМ бр.18/2001 и 84/08)

- ***Член 9 - Забрана за предизвикување на штета***

“Секој е должен да се воздржи од постапка со која може на друг да му предизвика штета“

*(Одредбата се однесува за материјална и нематеријална штета)*

- ***Член 9-а – Заштита на личните права***

(1) Секое физичко и правно лице, покрај заштитата на имотните права, има и право на заштита на своите лични права согласно со закон.

(2) Како лични права, во смисла на овој закон, се подразбираат правата на живот, телесно и душевно здравје, чест, углед, достоинство, лично име, приватност на личниот и семејниот живот, слобода, интелектуално творештво и други лични права.

(3) Правните лица ги имаат сите наведени лични права, освен оние врзани за биолошката суштина на физичкото лице, а особено правата на добар глас и углед, назив односно фирма, деловна тајна, слобода на претприемништво и други лични права на овие лица.

*( Одредбата се однесува за нематеријална штета)*


СТРАНИ
ПОСЕБНИ
УСЛОВИ

# СТРАНИ

**КАКО И КАЈ ДРУГИТЕ ОБЛИГАЦИИ, НЕОПХОДНО ЗА НАСТАНУВАЊЕТО НА ОБЛИГАЦИЈАТА ЗА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА Е ПОСТОЕЊЕТО НА СУБЈЕКТИ – СТРАНИ НА ОДНОСОТ.**

**КАЈ ПРИЧИНУВАЊЕТО ШТЕТА НА ДРУГ, ТОА СЕ:**

- **ШТЕТНИКОТ И**
- **ОШТЕТЕНИОТ**

# ШТЕТНИК

## ФАКТИЧКИ ШТЕТНИК

ФАКТИЧКИ ШТЕТНИК Е ЛИЦЕТО СО ЧИЕ ДЕЈСТВИЕ НАСТАНАЛА ШТЕТАТА КАКО ПОСЛЕДИЦА НА ДЕЈСТВИЕТО.

ОТТАМУ, ЗА ПОИМОТ ФАКТИЧКИ ШТЕТНИК НЕ Е РЕЛЕВАНТНА СПОСОБНОСТА НА ПРИЧИНИТЕЛОТ

- Пример- ШЕТЕНИК МОЖЕ ДА БИДЕ И МАЛОЛЕТНИК, ШТО НЕ ЗНАЧИ ДЕКА ИСТИОТ И ЌЕ БИДЕ ОДГОВОРЕН ЗА ПРИЧИНЕТАТА ШТЕТА

## ПРАВЕН ШТЕТНИК

ПРАВЕН ШТЕТНИК Е ЛИЦЕТО КОЕ *ОДГОВАРА ЗА ШТЕТАТА,* ПА ТОЈ Е ДОЛЖНИК ВО ОБЛИГАЦИЈАТА.

ОТТАМУ, НЕ МОРА ДА ИМА ПОКЛОПУВАЊЕ ПОМЕЃУ ЛИЧНОСТА НА СУБЈЕКТОТ КОЈ ШТЕТАТА ЈА ПРИЧИНИЛ И СУБЈЕКТОТ КОЈ ОДГОВАРА ЗА ШТЕТАТА

- Пример - ОДГОВОРНОСТ НА РОДИТЕЛИТЕ ЗА ШТЕТАТА КОЈА ЌЕ ЈА ПРИЧИНАТ НИВНИТЕ МАЛОЛЕТНИ ДЕЦА

# ОШТЕТЕН

ОШТЕТЕНИОТ Е СТРАНАТА НА ОБЛИГАЦИЈАТА ШТО НАСТАНУВА СО ПРИЧИНУВАЊЕ НА ШТЕТА, ИЛИ НА КОЈА И Е ПРИЧИНЕТА ШТЕТАТА, ПА ТОЈ Е ДОВЕРИТЕЛ ВО ОБЛИГАЦИЈАТА.

СТРАНА НА ОШТЕТЕН МОЖЕ ДА БИДЕ КАКО ФИЗИЧКО, ТАКА И ПРАВНО ЛИЦЕ.

ОД КРУГОТ НА ОВИЕ ДВА ВИДА НА ЛИЦА, БЕЗ ИСКЛУЧОК, ОШТЕТЕН МОЖЕ ДА БИДЕ БИЛО КОЕ ЛИЦЕ, ДОКОЛКУ *МУ Е ПРИЧИНЕТА ШТЕТА.*

# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА НАСТАНУВАЊЕ НА ОБЛИГАЦИЈАТА

**ШТЕТНО ДЕЈСТВИЕ**

**ШТЕТА**

**ПРИЧИНСКА ВРСКА**

# ШТЕТНОТО ДЕЈСТВИЕ, КАКО ПРВ ОПШТ УСЛОВ

-ШТЕТНО Е ОНА ДЕЈСТВИЕ СО КОЕ НА ОШТЕТЕНИОТ МУ СЕ ПРИЧИНУВА ШТЕТА.

-ШТЕТАТА МОЖЕ ДА БИДЕ ПРИЧИНЕТА СО ОДРЕДЕНО СТОРУВАЊЕ ИЛИ ПРОПУШТАЊЕ, ИЛИ, ПАК, СО ПРЕДМЕТ ИЛИ ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ, КОИ ПРЕСТАВУВААТ ИЗВОР НА ЗГОЛЕМЕНА ОПСНОСТ

-ЗА ДЕЈСТВИЈАТА ДА СЕ ПОЈАВАТ КАКО ШТЕТНИ  ПОТРЕБНО Е:

1) ДА БИДАТ ПРОТИВПРАВНИ И
2) ДОВЕДАТ ДО ПРИЧИНУВАЊЕ НА ШТЕТА НА ОШТЕТЕНИОТ

# Општи начела

**Член 141**

(1) Тој што со вина ќе му причини штета на друг, должен е да ја надомести.

(2) За штета причинета од предмети или дејности од кои произлегува зголемена опасност од штета за околината, се одговара без оглед на вината.

(3) За штета без оглед на вината се одговара и во други случаи предвидени со закон

# ШТЕТА, КАКО ВТОР ОПШТ УСЛОВ

Член 142 од ЗОО

“Штетата е намалување на нечиј имот (обична штета) и спречување на негово зголемување (испуштена корист) како и **нанесување на друга физичка или душевна болка или страв (нематеријална штета)** ***повреда на личните права***

# ПРИЧИНСКАТА ВРСКА (КАУЗАЛИТЕТОТ) КАКО ТРЕТ ОПШТ УСЛОВ

- **ПРАВЕН ПОИМ**

**ПРИЧИНСКАТА ВРСКА ПРЕСТАВУВА КОНКРЕТЕН ОДНОС КОЈ ПОСТОИ ПОМЕЃУ :**

**-ТОЧНО ОПРЕДЕЛЕНО ШТЕТНО ДЕЈСТВИЕ И**

**-ТОЧНО ОПРЕДЕЛЕНА ШТЕТА,**

**-ПРИ ШТО ШТЕТНОТО ДЕЈСТВИЕ ВО ТОЈ ОДНОС Е ПРИЧИНАТА ,**

**-А ШТЕТАТА Е ПОСЛЕДИЦАТА ПРОИЗЛЕЗЕНА ОД ТАА ПРИЧНА**

# Барања пред настанување на штета

Барање да се отстрани опасноста од штета

Барање да се престане со повреда на личните права

# ОДГОВОРНОСТ ВРЗ ОСНОВА НА ВИНА чл.145-чл.150 од ЗОО

- Постоење вина
- Лица кое не одговараат за штета
- Одговорност на малолетник
- Нужна одбрана, состојба на нужда, отстранување на штета од друг
- Дозволена самопомош

# ОДГОВОРНОСТ ЗА ДРУГ

- Душевно болни и заостанати во умствениот развој
- Одговорност на родителите
- Солидарна одговорност
- Одговорност на друго лице за малолетник
- Посебна одговорност на родителите
- Одговорност врз основа на справедливост

# ОДГОВОРНОСТА НА РАБОТОДАВЕЦОТ СПРЕМА ТРЕТО ЛИЦЕ

- Одговорност на работодавецот
- Одговорност на правно лице за штета што ќе ја причини негов орган

## ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА ОД ОПАСЕН ПРЕДМЕТ ИЛИ ОПАСНА ДЕЈНОСТ

- Претпоставка на постоење причинска врска
- Кој одговара за штета
- Противправно одземање на опасен предмет од имателот
- Предавање предмет на трето лице
- Ослободување од одговорноста

# Останата одговорност

- III. ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕИСПРАВЕН ПРОИЗВОД
- III-а. ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА ОД ЖИВОТНИ
- III-б. ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА ОД ГРАДЕЖ

# ОБЛИЦИ НА ШТЕТА

Правно признати облици

**Само оние кои се определени во Закон**

Облици на штета кои не се правно признати

**Сите оние кои не се определени во Закон**

# ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА

- ВИНА (СУБЈЕКТИВНА ОДГОВОРНОСТ)
- ОПАСНА СТВАР ИЛИ ОПАСНА ДЕЈНОСТ (ОБЈЕКТИВНА ОДГОВОРНОСТ)
- ОДГОВОРНОСТ ЗА ДРУГ (ПОРАДИ ДЕЛИКТАНА НЕСПОСОБНОСТ ИЛИ СПЕЦИФИЧЕН ОДНОС)

# ПОСЕБНИ *СЛУЧАИ* НА ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА

- ПОКРАЈ ПОСЕБНИТЕ *ВИДОВИ* ОДГОВОРНОСТ, ПОСТОЈАТ И ПОСЕБНИ СЛУЧАИ НА ОДГОВОРНОСТ, КАЈ КОИ Е ПОТРЕБНО ИСПОЛНУВАЊЕ НА НЕКОИ СПЕЦИФИЧНИ УСЛОВИ
- ТОА СЕ СЛУЧАИТЕ НА:
  - ОДГОВОРНОСТ ПОРАДИ ТЕРОРИСТИЧКИ АКТИ, ЈАВНИ ДЕМОНСТРАЦИИ ИЛИ МАНИФЕСТАЦИИ;
  - ОДГОВОРНОСТ ПОРАДИ ДЕЛА НА КОРУПЦИЈА
  - ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА НАПРАВЕНА ОД МЕЃУНАРОДНИ ВОЕНИ ИЛИ ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ
  - ОДГОВОРНОСТ НА ОРГАНИЗАТОРОТ НА ПРИРЕДБИ
  - ОДГОВОРНОСТ ПОРАДИ НЕДАВАЊЕ НА НЕОПХОДНА ПОМОШ
  - ОДГОВОРНОСТ Вo ВРСКА СО ОБВРСКА ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР
  - ОДГОВОРНОСТ ВО ВРСКА СО ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС и

# ПРОФЕСИОНАЛНА ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА

- **Професионалната етика и дисциплинската одговорност на одделни професии историски гледано била силна и се засилувала со текот на технолошкиот развој и глобализацијата.**
- **Правниците, адвокатите, извршителите, нотарите, стечајните управници, вештите лица, судските преведувачи, медицинарите, лекарите, фармацевтите, градежниците, архитектите и другите професии се професии кои се вбројуваат во т.н. регулирани професии и подлежат на правилата на професионалното право.**
- **Ова не ги опфаќа само законските регулирани правила за реализација на нивната професија, туку и етичките и професионалните кодекси кои ја подигаат струката на повисок пиедестал.**

# Одговорност за штета предвидена со посебени закони

Закон за спречување и заштита од дискриминација
Закон за граѓанска одговорност од навреда и клевета
Закон за индустриска сопственост
Закон за авторски права и други сродни права
Закон за сопственост и други стварни права
Закон за експропирација
Закон за работни односи
Закон за здравствена заштита

# СУШТИНА НА СУБЈЕКТИВНАТА ОДГОВОРНОСТ

- СУШТИНАТА НА СУБЈЕКТИВНАТА ОДГОВОРНОСТ СЕ ЗАСНОВА НА *ЛИЧНИОТ УКОР* НА ПРИЧИНИТЕЛОТ НА ШТЕТАТА
- УКОРОТ СЕ ТЕМЕЛИ НА ФАКТОТ ШТО СТОРИТЕЛОТ НЕ СЕ ОДНЕСУВАЛ ТАКА КАКО ШТО ТРЕБАЛО ВО КОНКРЕТНАТА ДАДЕНА СИТУАЦИЈА
- ПОРАДИ ФАКТОТ ШТО СТОРИТЕЛОТ СЕ *ОГРЕШИЛ*, МОРАЛНО Е ИСПРАВНО ИСТИОТ ШТЕТАТА ДА ЈА НАДОМЕСТИ, ЗАТОА ШТО ДОКОЛУ СЕ ОДНЕСУВАЛ ОНАКА КАКО ШТО ТРЕБАЛО, НЕ БИ ДОШЛО ДО НАСТАНУВАЊЕ НА ШТЕТАТА

# ДОКАЖУВАЊЕ НА ВИНАТА

- **СИСТЕМ НА ПРЕТПОСТАВЕНА ВИНА**

- ПОНОВИТЕ СИСТЕМИ, ПОРАДИ *ОЛЕСНУВАЊЕ НА ПРОЦЕСНАТА ПОЛОЖБА НА ОШТЕТЕНИОТ*, ГО ПРИФАЌААТ СИСТЕМОТ НА ПРЕТПОСТАВЕНА ВИНА

**СПОРЕД ЗОО:**

*АКО ШТЕТАТА Е ПРИЧИНЕТА *СО НАМЕРА ИЛИ КРАЈНО НЕВНИМАНИЕ*, ОШТЕТЕНИОТ ТРЕБА ДА ГО ДОКАЖЕ НИВНОТО ПОСТОЕЊЕ (ЗОО, ЧЛ. 145/2)

*АКО ШТЕТАТА Е ПРИЧИНЕТА СО *ОБИЧНО НЕВНИМАНИЕ ИЛИ ДРУГ ПОМАЛ СТЕПЕН НА НЕВНИМАНИЕ*, ШТЕТНИКОТ ТРЕБА ДА ДОКАЖЕ ДЕКА ТИЕ НЕ ПОСТОЕЛЕ (ЗОО, ЧЛ. 145/3**)**

# МАТЕРИЈАЛНА И НЕМАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА

- **ПРИРОДА НА ПОВРЕДЕНОТО ДОБРО**

**- МАТЕРИЈАЛНОТО ДОБРО ИМА ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ**

**- НЕМАТЕРИЈАЛНОТО ДОБРО (КАКО ЛИЧНО ДОБРО) ИМА ВРЕДНОСТ САМО ЗА НЕГОВИОТ ИМАТЕЛ, А НЕ ПАЗАРНА**

# МАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА

**Член 174 од ЗОО**

**Воспоставување на состојбата што била пред да настане штетата.**

**Можности за надоместување на штетата во соодветна сума пари**

*(1) Одговорното лице е должно да ја воспостави состојбата што била пред да настане штетата.*

*(2) Доколку воспоставувањето на поранешната состојба не ја отстранува штетата наполно, одговорното лице е должно за остатокот на штетата да даде надомест во пари.*

*(3) Кога воспоставувањето на поранешната состојба не е можно, или кога судот смета дека не е нужно тоа да го стори одговорното лице, судот ќе определи тоа да му исплати на оштетениот соодветна сума пари на име надомест на штетата.*

*(4) Судот ќе му досуди на оштетениот надомест во пари кога тој го бара тоа, освен ако околностите на дадениот случај го оправдуваат воспоставувањето на поранешната состојба.*

# КОГА СТАСУВА ОБВРСКА ЗА НАДОМЕСТУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА ?

**ОД МОМЕНТОТ НА НАСТАНУВАЊЕ НА ШТЕТАТА**

**Чл.175 од ЗОО**

# Надомест во случај на пропаѓање на предметот одземен на недозволен начин

Член 176

Ако предметот што на имателот му бил одземен на недозволен начин пропаднал поради виша сила, одговорното лице е должно да даде надомест во пари.

# ПАРИЧНА РЕНТА

- УСЛОВИ за досудување на парична рента
- НАЧИН на досудување

  - во месечни износи

  - во единствен износ (капитализирана рента)

# ОБЕМ НА НАДОМЕСТУВАЊЕ

- Обична штета и испуштена корист (чл.178 од ЗОО)
- Целосен надомест чл.179 од ЗОО
- Намалување на надоместокот
- Поделена одговорност

# Обична штета и испуштена корист

Член 178

(1) Ошетениот има право како на надомест на обичната штета, така и на надомест на испуштената корист.

(2) Висината на надоместот на штетата се определува според цените во времето на донесувањето на судската одлука, освен ако нешто друго не е уредено со закон.

(3) При оцената на висината на испуштената корист се зема предвид добивката што можела основано да се очекува според редовниот тек на работите или според посебни околности, а чие остварување е спречено со оштетниковото дејствие или пропуштање на оштетениот.

(4) Кога предметот е уништен или оштетен со кривично дело сторено со умисла, судот може да ја определи висината на надоместот според вредноста што предметот ја имал за оштетениот

# Целосен надомест

**Член 179**

Судот земајќи ги предвид **и околностите што настапиле по причинувањето на штетата**, **ќе досуди надомест во износот кој е потребен материјалната ситуација на оштетениот да се доведе во онаа состојба во која би се наоѓала да немало штетно дејствие или пропуштење.**

*Случај Пожар на возила*

# Намалување на надоместот

**Член 180**

(1) Судот може водејќи сметка за материјалната состојба на оштетениот, да го осуди одговорното лице да исплати помал надомест отколку што изнесува штетата, ако таа не е причинета ни намерно ни со крајно невнимание, а одговорното лице е во слаба имотна состојба, па исплатата на целосниот надомест би го довела во скудност.

(2) Ако штетникот причинил штета работејки нешто заради корист на оштетениот, судот може да определи помал надомест, водејќи сметка за грижливоста што штетникот ја покажува во сопствените работи.

*Случај штета-пожар на пчелни сандаци*

# Поделена одговорност

**Член 181**

(1) Оштетениот кој придонел штетата да настане или да биде поголема отколку би била инаку, има право само на сразмерно намален надомест.

(2) Кога е невозможно да се утврди кој дел од штетата произлегува од оштетениковото дејствие судот ќе досуди надомест водејќи сметка за околностите на случајот.

# ПРАВНИ МИСЛЕЊА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РМ

Врховниот суд на Република Северна Македонија на Општата седница одржана на 17.06.2019 година, со мнозинство на гласови, го утврди следното:

НАЧЕЛНО ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

Правното лице на кое врз основа на договор му се отстапени работите за одржување на државните патишта, одговара за штетата што ќе им биде причинета на корисниците на државните патишта поради пропуштање на навременото извршување на потребните работи и превземање на соодветни мерки за одржување на државните патишта.

**Од образложението:**

Опфатот на правното прашање е: Кој е одговорен за штета што ќе им биде причинета на корисниците на државните патишта поради пропуштање на навременото извршување на потребните работи и превземање на соодветни мерки за одржување на државните патишта? Дали е одговорно Јавното претпријатие за државни патишта или Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат" Скопје или пак постои солидарна одговорност на двете јавни претпријатија. одговара правното лице на кое врз основа на договор му се отстапени работите за одржување на јавните патишта и улици.

## 20.05.2014 Активна легитимација за поднесување тужба за надомест на штета по отворањето на стечајната постапка

Врховниот суд на Република Македонија на Општата седница одржана на 29.04.2004 година, расправајќи по предлогот на Одделот за граѓански дела од седницата одржана на 21.03.2014 година, поднесен врз основ на член 61 став 1 и 2 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, согласно член 37 став 1 точка 1 од Законот за судовите (Службен весник на Република Македонија број 58/2006, 35/2008 и 150/2010), со мнозинство на гласови, го утврди следното:

**НАЧЕЛНО ПРАВНО МИСЛЕЊЕ**

**Во текот на стечајната постапка на стечаен должник, стечаен доверител не е активно легитимиран да поднесе тужба за надомест на штета заради намалување на имотот на стечајниот должник сторено пред или по отворањето на стечајната постапка. Ваква тужба може да поднесе само стечајниот управник.**

**Од образложението:** Со оглед дека целта на стечајната постапка е колективно намирување на доверителите на стечајниот должник и распределба на остварените средства (приходи) на доверителите, во текот на стечајната постапка не може еден стечаен доверител со тужба за надомест на штета да бара да се намири од тужени физички лица членови на органите на управување на стечајниот должник, туку во текот на стечајната постапка може со тужба да се бара надомест на заедничката штета каква тужба може да поднесе само стечајниот управник.

# 28.10.2013 Надомест на штета во случај на неовластено користење на електрична енергија

Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Македонија, расправајќи по повод иницијативата на седницата на судиите од граѓанските оддели на четирите Апелациони судови во Република Македонија за утврдување начелен став по правното прашање дали во случај на неовластено користење на електрична енергија висината на надоместокот што корисникот е должен да го плаќа се пресметува согласно Мрежните правила за испорака на електрична енергија или согласно реалната – стварната штета, на седницата одржана на ден 28.10.2013 година, го донесе следното:

**ПРАВНО МИСЛЕЊЕ**

Висината на надоместокот на штетата во смисла на член 178 став 2 од Законот за облигационите односи се определува според цените во времето на донесувањето на судската одлука, освен ако нешто друго не е утврдено со закон.

При утврдено неовластено користење на електричната енергија, висината на надоместокот што корисникот е должен да го плаќа, се пресметува согласно Мрежните правила за дистрибуција на електричната енергија, кои се донесени врз основа на член 77 од Законот за енергетика, а по претходно добиено одобрение од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Во ваков случај определувањето на висината на надоместокот се смета како случај од член 178 став 2 од Законот за облигационите односи кога со закон е утврдено нешто друго.

# 18.10.2013
# Надомест на штета од незаконита градба

Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Македонија, на седницата одржана на ден 11.12.2012 година, во смисла на член 41 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, едногласно донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**Врз основа на договор за заедничка градба, сопствениците на локацијата за градење и изведувачот – инвеститорот кој гради објект без одобрение за градење врз недвижноста, солидарно им одговараат на третите лица во врска со настанатата штета, со уривање на бесправно изградениот објект од надлежен орган.**

**Од образложението:** Во текот на расправата од страна на судиите на Одделот за граѓански дела, едногласно беше изразено мислење, дека врз основа на договор за заедничка градба склучен помеѓу поранешни сопственици на градежно земјиште и носители на локациските услови за градење и инвеститорот – организатор на работата и врз основа на издаденото полномошно од сопствениците на локацијата на инвеститорот, со кое го овластуваат да ги застапува пред сите надлежни органи на РМ за изготвување на градежно техничка документација за изградба на зградата, како и за склучување договори за здружување на средства за изградба на станбено-деловниот објект, тие стапуваат во правна заедница. Оттука произлегува и нивната одговорност за неисполнување на обврските во врска со градбата. Токму затоа, врз основа на договорот за заедничка градба, сопствениците на локациските услови на кои им било познато дека изведувачот - инвеститорот отпочнал со градба на објект без одобрение за градење, врз недвижноста на сопствениците, за неисполнетите обврски према трети лица, солидарно одговараат за настанатата штета со уривање на бесправно изградениот објект од надлежен орган.

## Наслов Неосновано лишување од слобода -Сентенца Број Рев.бр.1180/08 Правна област -Граѓански дела-Датум на донесување 10/21/09 12:27 Врховен суд на Р М - Оддел за граѓански дела

**Сентенца**

**Неоснованото лишување од слобода, не може да претставува основ за надомест на материјална штета поради продажба на жива стока по пониска цена од стварната пазарна цена.**

***Од образложеието***

По однос на материјална штета, пониските судови утврдиле дека тужителот бил сопственик на недвижен имот во атарот на село С. Н. каде што имал фарма со 4 хали во коишто чувал свињи и во моментот на притворот имал 17 свињи и 1 вепар од кои 8 биле мајки носилки опрасени со прва репродукција сортни свињи и 96 прасиња, па бидејќи неговата сопруга била бремена во 9-ти месец и немало доволно храна за стоката, истата била принудена да ги продаде по пониска цена односно истите биле продадени за цена од 343.070,00 денари, а во нормални услови тужителот би ги продал за 718.060,00 денари. Раководејки се од член 179 од ЗОО, пониските судови, делумно го усвоиле тужбеното барање , наоѓајки дека тужителот претрпел материјална штета поради принудната продажба на свињите во износ од 344.960,00 денари, како разлика од принудно продадените свињи до износот кој што тој би го земал доколку би ги продал по продажна цена во нормални услови.
Врховниот суд на РМ наоѓа дека е погрешен заклучокот на пониските судови дека тужителот има право на надомест на материјална штета која се јавува како разлика помеѓу принудната продажба на свињите по пониска цена и цената на продажба во нормални услови. Продажната цена на стоките ја одредува пазарот, а фактот што во временски период кога тужителот се наоѓал во притвор дошло до продажба на свињите не може да има влијание на продажната цена. Неоснованото лишување од слобода неможе да претставува основ за надомест на материјална штета, поради принудната продажба на свињите по пониска цена од стварната пазарна цена.

# Заеднички заклучоци на четирите Апелациони судови од 04.06.2010 година

**Прашање?**

Дали лицето на кое со дејствие на извршител му е нанесена штета има право на нејзино надоместување ако против дејствието на извршителот претходно не е поднело приговор за отстранување на неправилности при извршувањето до Претседателот на надлежниот Основен суд?

**ЗАКЛУЧОК**

Независно дали странките или учесниците при спроведување на извршување кај надлежен извршител поднеле или не приговор за отстранување на неправилности на извршувањето согласно чл. 77 од ЗИ **имаат право со тужба во спор за надомест на штета да ги остваруваат своите права према извршителот доколку со неговото незаконито постапување им била причинета штета, а согласно условите за одговорност за штета од ЗОО.** ***Неподнесувањето на приговор по чл. 77 од ЗИ не е пречка за поднесување на тужба за надомест на штета против извршителот.***

**СЕНТЕНЦА**
**Пресуда на Врховниот суд на Република Македонија, Рев.бр.1185/96 од 04.02.1998 година.**

**Депонијата за смет и отпадоци, сама по себе, е опасен предмет бидејќи претставува извор на опасност, поради што, во случај на штета, се одговара врз принципот на објективна одговорност.**

***Образложение***

Од изведените докази првостепениот суд утврдил, а второстепениот суд прифатил, дека градската депонија за смет на општината, со која стопанисува тужениот, ја користат повеќе субјекти. При исфрлањето на сметот, се случувало да се исфрлат и неоргански материи кои под дејство на надворешни фактори се подложни на самозапалување. Тужениот ѓубрето во депонијата го засипувал и нагазувал со булдужер, за да не дојде до запалување. Но, на ден 12.08.1994 година во време кога во депонијата немало присутен работник на тужениот, околу 13-14 била истурена хартија и цигари-шкарт, а во депонијата веќе тлеел оган. Како дувал силен ветар дошло до запалување на хартиите кои под дејство на ветерот го прелетале заштитниот појас, зафаќајќи ги парцелите од ЗИК каде имало остатоци од слама, при што дошло до појава на голем пожар, кој го зафатил и имотот на ЗИК на кој биле лоцирани пчелни друштва на тужителот од кои 7 биле целосно уништени, така да вкупната штета изнсувала 151.480,00 денари. Тужениот ги превзел сите мерки за заштита од пожар, меѓу кои и стругање на сувата вегетација во ширина од 30-60 метри, но до пожар сепак дошло. При така утврдената фактичка состојба пониските судови го одбиле тужбеното барање , раководејќи се од околностите од член 154 од ЗОО за одговорноста на туженото претпријатие по основ на претпоставена вина, од што заклучуваат дека не постои каузалитет меѓу превземените односно непревземените дејствија на тужениот и причинетата штета, туку дека штетата е резултат на силниот ветар, кој како настан не можел да се предвиди ни да се спречи. Меѓутоа, Врховниот суд на РМ оценува дека со ваквото одлучување судовите погрешно го примениле материјалното право, зошто ги испуштиле од вид одредбите од член 173 и 174 од ЗОО за објективна одговорност за штета од опасен предмет или опасна дејност, имајќи предвид дека депонијата сама по себе е опасен предмет, бидејќи претставува извор на опасност.

# СЕНТЕНЦА
# Пресуда на Врховниот суд на Република Македонија, Гзз.бр.38/02 од 14.11.2002

**Стакленото шише наполнето со газирана минерална вода претставува опасен предмет, затоа што се наоѓа под притисок и може да експлодира. Ако при експлозијата се направи штета, се одговара врз принципот на објективна одговорност.**

*Образложение*

Во редовната постапка пониските судови утврдиле дека шишето со минерална вода е произведено од правниот претходник на второтужениот, а го имал првотужениот, и истото експлодирало во моментот кога тужителот како работник на првотужениот за време на појадок се обидел да го употреби.При ваква состојба Врховниот суд на Република Македонија наоѓа дека правилно пониските судови нашле дека во случајов тужените се одговорни за штетата и солидарно ги задолжил истите да ја надоместат на тужителот врз основа на принципот на објективната одговорност, што е во согласност со одредбите од член 173, 174 и 200 од Законот за облигационите односи.Неосновани се наводите во ревизијата да во случајов треба да се одговара за штетата врз принципот на претпоставена вина. Нотoрно е познато дека минералната вода преработена и складирана во шише, како што е тоа во конкретниот случај, се наоѓало во состојба на притисок, односно кога се најде во слободна состојба при отварање ослободува гасови, што доведува до заклучок дека самото шише од стакло наполнето со таква вода е во состојба на напон, внатрешен притисок што е секогаш во состојба на опасност од експлозија, па како таков претставува опасен предмет.

# С У Д С К А   П Р А К С А

## СЛЕДАТ СЛУЧАИ

# ВИ БЛАГОДАРАМ НА ВНИМАНИЕТО

**Повелете со прашања**

